Училиштето обезбедува еднакви наставни содржини за сите ученици при што за учениците со потешкотии во учењето и надарените ученици се организираат додатна и дополнителна настава. За учениците со посебни образовни потреби наставниците изработуваат ИОП, иако немаат поминато низ потребните обуки. Училиштето има најмногу ученици од една националност, но има и припадници на други заедници кои се рамноправно прифатени и учествуваат во функционирањето на училиштето. Училиштето ги следи сите ученици и води грижа да добијат еднаков третман. Еднаквоста и правичноста во третманот на учениците започнува уште со нивниот упис во училиштето преку работата на Комисијата за упис.

Родителите се вклучени во тековните настани на училиштето преку родителските средби, Советот на родители, индивидуални средби , членување во Училишен одбор, проекти, манифестации со што се запознаваат со проблемите на училиштето и даваат свој придонес за неговото промовирање. Со родителите се комуницира најчесто усно, но по потреба и писмено и електронски. При информирањето им се даваат информации за: успехот во наставата, поведението на ученикот, изречена педагошка мерка, пофалба. На родителите на наставничко родителските средби , на средбите на Советот на родители на ниво на училиште им се даваат информации за: наставниот кадар, наставните планови и програми, постигањата на учениците, организационата поставеност на училиштето, Кодексот на однесување,Куќниот ред во училиштетои Протоколот за он-лајн настава.

Училиштето соработува со другите заинтересирани учесници во образованието од локалната заедница. Училиштето соработува со следните институции од локалната средина: основни и средни училишта, Дом на култура, МВР, Центар за социјална работа, Центар за јавно здравје, информативни медиуми,
невладини организации, спортски друштва и клубови, театар, иститутиции од областа на културата, задравствените домови, Локална самоуправа, амбасади и др.

| |
|---|
| Училиштето соработува со други училишта при решавање на конфликтни ситуации заради размена на искуства, консултации, учество во заеднички проекти, натпревари, меѓу училишни конкурси и др. |
| ***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***<br><br>Методички работилници за родителите преку кои ќе се запознаат со правата и обврските на децата Организирање на обуки<br>за наставниот кадар за инклузија на децата со посебни потреби<br>Изработка на план и стратегија за формирање на тим за соработка со локалната заедница со посебен акцент на бизнис секторот. |

*Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од дадените теми*

*Можетедадодадетеиодговоринадругипрашањакоисметатедекасеважнизавашетоучилиштеанесеопфатенивoрамкатазасамоевалуација.*

*Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*

*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*

**Оддели во рамките на подрачјето:**

- **Сместување и просторникапацитети**
  - Просторни услови
  - Искористеност на просторните капацитети
- **Наставни средства и материјали**
  1. Опременост со стручна литература, наставни средства и и помагала
  2. Училишна библиотека
  3. Потрошен материјал
- **Обезбедување на потребниот наставен кадар**
  4. Број на вработени и соодветност на наставниот кадар
  5. Ефикасност и распоред на наставниот кадар
  6. Стручната служба како подршка на наставниот кадар
- **Следење на развојните потреби на наставниот кадар**
  - Професионален развој нанаставниците
- **Финансиско работење воучилиштето**
  - Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење
  - Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(i) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.**<br>**Извори на податоци:** | **Кои информации се собрани?** |
| **1.Сместување и просторни капацитети**<br>Непосреден увид во :<br>-Урбанистички план на училиштето;<br>-План за развој на училиштето;<br>-Записници од просветна и санитарна инспекција;<br>-Полугодишни и годишни извештаи;<br>-Распоред на часови;<br>-Записници од работата на стручните активи<br>-Годишна програма за работа на училиштето; | - Наставата во ООУ „Блаже Конески“, во зградата во населбата Точила се одвива во две смени, а во зградата во Варош во една смена.<br>- Зградата во населбата Точила располага со 10 училници за одделенска настава и 14 за предметна настава, 1 прилагодена училница за физичко и здравствено образование, 1 библиотека со медијатека, 2 асфалтирани игралишта за ракомет и кошарка,12 пом. простории за подготовка на наставниците, кинотека, 8 канцеларии,1 забна амбуланта, по 3 машки и 3 женски санитарни простории и 2 санитарни простории за наставниците.<br>- Зградата во населбата Варош располага со 5 училници, 1 просторија за наставници,и по 1 санитарна просторија за наставници иученици.<br>Од направениот увид во документацијата и од горе наведеното, се констатира дека:<br>-Училиштето има адекватни простории за изведување на наставата, со исклучок на потреба од фискултурна сала за изведување настава по Физичко и здравствено образование.<br>-Во училиштето во Варош извршена е санација на кровот, таванот, санитарниот јазол, и комплет се реновирани училниците, поставена е нова ПВЦ дограма и асвалтиран е училишниот двор со поставено кошаркарско игралиште<br>.<br>-Има адекватни заеднички простории: холови, двор, парк, наставничка канцеларија.<br>-Хортикултурно е уреден паркот околу зградата во населбата Точила.<br>- Во училиштето во населбата во Точила е поставена и нова ограда, промена на плочки,направен е санитарен јазол за ученици со посебни потреби, промена на врати во училници и кабинети, променета е целосно дограмата во училиштето и е поставена нова ПВЦ дограма, и поставување на кнауф на ѕидовите во ходниците, училишниот двор е поплочен<br>-Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активностис, со што ги задоволува потребите на учениците. |
| **2. Наставни средства и материјали**<br>- Увид во библиотечна евиденција;<br>- Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавена стручна литература и наставни помагала;<br>-увид во документацијата за планиранирањето и набавката на потрошените материјали<br>-Самоевалвација на училиштето и План за развој на училиштето; | Библиотеката располага со:<br>- Инвентарна книга за набавени нови книги и електронски каталог на библиотечните единици;<br>- Располага со лектирни изданија со вкупен број 8961 примероци;<br>- Располага со 243 книги од едицијата „Ѕвезди на светската книжевност“, 39 од едицијата „Нобеловци“, 12 книги од едицијата „Македонски искушениа“ и 6 прирачници за наставата по Кембриџ<br>-Се води евиденција за позајмени книги на ученици и наставници;<br>-Стручната литература е застапена по сите предмети и брои 1387 единици<br>- вкупниот библиотечен фонд на сите изданија е 11342<br>-Библиотеката располага и дистрибуира детски списанија: Наш Свет, Либи, Росица и Развигор.<br>-Стручни списанија и часописи: Стремеж |

| | |
|---|---|
| -Непосреден увид во документацијата на училиштето и интерните акти;<br>-Увид во интерните акти, полугодишен и годишен извештај, годишна програма,<br>-Записници од стручни активи,<br>-Годишна програма,<br>-Самоевалвација на училиштето и план за развој на училиштето; | -Од увидот во пописните листи, училиштето располага со:,12 компјутери, 22 лап топ, 5 печатачи, пијано, 24 мандолини, 9 мандоли, 2 контрабаси, 3 гитари, 16 пулта, 3 лцд проектори, 2 платно за проектор како и други потребни наставни средства и материјали за кабинетите по: ТО, Физика, Хемија, Биологија и други наставни помагала неоходни за изведување на наставата по наставните предмети.<br>-Училиштето располага со соодветна стручна литература,наставни средства и помагала за изведување на наставата по сите предмети. Располага со комплетен инструментариум за мандолински оркестар. Опремено е со ИТК опремен за изведување на современа настава.Училиштето е поврзано со бежичен интернет, кој секојдневно се користи.<br>-Училишната библиотека располага со повеќе од 8 наслови по ученик, и е отворена секојдневно до 15 часот, за потребите на учениците и наставниот кадар.<br>- Училиштето обезбедува потрошен материјал спрема потребите и планот на училиштето.<br>-Секоја година, според потребите, со годишниот попис се расходуваат неупотрбливите наставни средства и помагала. |
| **3.Обезбедување на потребниот наставен кадар**<br><br>-Увид во правилникот за систематизација,<br>-Увид во досиејата на вработените;<br>- Годишна програма за работа на училиштето<br>-Програма за работа на стручната служба; | -Според извршениот увид во интерните подзаконски акти на училиштето , училиштето во целост располага со потребниот наставен кадар. Во училиштето работат педагог и психолог и дефектолог. Сите се со соодветна стручност и степен на образование. Училиштето располага со соодветен административен кадар како: директор, секретар, благајник, книговодители економ . Од техничко помошениот персонал вработени се: ноќни чувари, котлар, хаусмајстор и хигиеничари. За сите вработени постои Персонално досие со комплетна документација.<br><br>-Наставниот кадар е во согласност со нормативите. Училиштето има механизми за брза замена за отсуство на отсутен наставник. Стручните соработници редовно им помагаат на наставниците во организацијата на наставата, следењето, напредокот и справувањето со проблемите на учениците.<br><br>-Училиштето има потреба од хигиеничари, со цел да се подобри хигиената во училиштето. |
| **4.Следење на развојните потреби на наставниот кадар**<br>-Интерни акти;<br>-Програма за професионален развој на наставниот кадар;<br>-Програма за работа на менторот ;<br>-Евалвационен лист за работа со наставник –приправник;<br>-Листи од спроведени интерни обуки; | -Училиштето има програма и стратегии за професионален развој на наставниците; има програма за работа со приправник преку менторство; има изработено евидентни листови за менторот и наставникот приправник;<br>училиштето има стратегија за дисеминација, подготвува интерни семинари во училиштето во согласност со Бирото за развој на образованието.<br>Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој. |
| **5.Финансиско работење во училиштето**<br>-Увид во фининсов план, развоен план и годишна програма за работа;<br>-Записници и одлуки на УО; | -Книговодствено се доставуваат завршните сметки, како за претходните години, така и за 2021,2022 год.;<br>- Изготвен е Годишен предлог план за финансиски трошоци за 2022-23 год. и истиот е доставен на Седницата на Собрание на Локалната самоуправа.<br>-Редовно се книжат сите промени и редовно се води книговодството во Локалната самоуправа. |

| | |
|---|---|
| -Склучени договори,тендери за јавни набавки,Понуди;<br>-Записници од ревизија и УЈП | -Тековно се врши исплата на фактури од доверители;<br>-Редовно се пресметуваат плати и придонеси за вработените;<br>-Во училиштето постои комисија за Јавни набавки и тендери од мала и голема вредност<br>-Финансиското работење во училиштето е во согласност со законските норми и регулативи; УО е запознат со финансиското работење на училиштето. Раководниот кадар наменски и рационално ги троши средствата од буџетот, во согласност и контрола од локалната самоуправа<br>-Постои транспаретност во информирањето на органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. |

| **Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| Интервју со директор<br>Набљудување (непосреден увид)<br>Интервју со библиотекарот<br>Интервјусоинформатичкиот админстратор од министерството за информатичка неука и технологија | Тим од наставници | Од интервјуто со директорот се утврди следната состојба во врска со опременоста на училиштето со ИКТ:<br>- 12 персонални компјутери<br>- 23 лап топ,<br>- 5 печатачи,<br>- 5 скенер,<br>- 1 факс, скенер, печатач и фото копир,<br>- 11 LCD проектори,<br>- 6 видео бим.<br>- 80 таблети<br>- 11 интерактивна табла смарт<br>Компјутерите се распоредени во кабинети по предметна настава<br>Планирано е да се направат 2 училници за ИКТ во наставата со претходно изготвен распоред. |
| | | Од интервјуто со директорот на училиштето во врска со идентификувањето на потребите на наставницитезанивниотпрофесионаленразвојистакнадекагисогледувапотребитена наставниците и обезбедува нивно присуство на сите видови едукации. Во однос на тоа дали во училиштето се практикува дисеминација на знаењата на кадарот истакна дека дисеминацијата се практикува во работата на стручните активи и наставничкиот совет при што наставникот кој посетил семинар во форма на методичка работилница им го пренесува знаењето на останатите. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот со воведување на водење на Портфолија за професионален развој на кадарот. Во истите наставниот кадар ги сместува сите видови на иновативни зафати во наставата со учениците. Директорот јавно оддава признанија на кадарот што внесува иновации на разни свечености.<br>Во однос на дополнителните финансиски средства, училиштето постојано бара преку апликација за доставување на проекти до разни невладини организации и до МОН.<br>Скоро секогаш на состаноците на УО директорот ги информира членовите за расположливите ресурси во дадениот момент. Раководниот кадар се труди економично да ги троши расположливитесредства,наменски,ефикасноиправилнодагипланираидагираспредели финансиските средства во зависност од потребите на училиштето. |

| Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>-Училиштето има јасен план и распореди максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности.<br>-Училиштето располага со соодветна стручна литература, наставни средства и помагала за изведување на наставата по сите предмети и вложува напори за дополнително да се обезбеди стручна литература.<br>-Училиштето во целост располага со потребниот наставен кадар. Сите се со соодветна стручност и степен на образование.<br>-Училиштето има програма и стратегии за професионален развој на наставниците; програма за работа со приправник преку менторство; евидентни листови за менторот и наставникот приправник; стратегија за дисеминација, подготвува интерни семинари во училиштето во согласност со Бирото за развој на образованието. |
| **Слабости**<br>- Нема фискултурна сала за изведување настава по Физичко и здравствено образование во своја сопственост<br>Има застарени компјутери во кабинетот по Информатика |

| |
|---|
| **Анализа на резултатите:**<br><br>***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
| Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности. Нема фискултурна сала за изведување настава по Физичко и здравствено образование..Училиштето располага со соодветна стручна литература, наставни средства и помагала за изведување на наставата по сите предмети. Располага со комплетен инструментариум за мандолински оркестар. Делумно е опремено со ИТК за изведување на современа настава. Училиштето е поврзано со безжичен интернет, кој секојдневно се користи. Училишната библиотека располага со повеќе од 8 наслови по ученик и е отворена секојдневно, за потребите на учениците и наставниот кадар. Училиштето во целост располага со потребниот наставен кадар. Сите се со соодветна стручност и степен на образование. Училиштето има програма и стратегии за професионален развој на наставниците; програма за работа со приправник преку менторство; евидентни листови за менторот и наставникот приправник; стратегија за дисеминација, подготвува интерни семинари во училиштето во согласност со Бирото за развој на образованието. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на учи лиштето**<br><br>Изградба на фискултурна сала за изведување настава по Физичко и здравствено образование во сопственост на училиштето.<br>.Реновирање на соблекувалните на учениците.<br>Опремување на нов кабиет по Информатика |

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од дадените теми***

***Можетедадодадетеодговоринадругипрашањакоисметатедекасеважнизавашетоучилиштеанесеопфатенивoрамкатазасамоевалуација.***

***Трeбa да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

1. **Управување и раководење**
   - Управување со училиштето
   - Раководење со училиштето
2. **Цели и креирање на училишната политика**
   - Јасност и соодветност на целите
   - Процедури за креирање на училишната политика
3. **Развојно планирање**
   - Цели на развојнотопланирање
   - Професионален развој / стручно усовршување на кадарот
   - Материјално-технички средства
   - Инфраструктура

## Самоевалуација на училиштето: ООУ „Блаже Конески” Прилеп Подрачје: Управување, раководење и креирање политика

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(и) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **1. Управување и раководење**<br>Закон за основно образование<br>Статут на училиштето,<br>Годишна програма за работа на директорот,<br>План за развој на училиштето<br>Самоевалуација,<br>Полугодишни и годишни извештаи за работа на училиштето<br>Деловник за работа на Училишниот Одбор,<br>Одлуки и записници од У.О.<br>Завршна сметка<br>Програма за работа на У.О.<br>Годишна програма за работа на училиштето | Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Постои и деловник за работа на УО во кој јасно се дефинирани надлежностите за управување и е изработен согласно статутот на училиштето. УО работи согласно изготвена програма за работа. Состаноците се одржуваат редовно со мнозинство на членови на одборот. Директорот е редовно поканет и присутен на состаноците на УО што овозможува меѓусебен партнерски однос. Изготвена е годишна програма за работа на УО, како дел од Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор редовно одржува седници, а најмалку еднаш месечно. Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на УО.<br>Директорот има јасна визија за работата на училиштето и ги исполнува условите за раководење на училиштето. Објективно и непристрасно го оценува работењето, индивидуалниот и тимскиот придонес на вработените како и квалитетот на реализирањето на работните задачи и обврски. Го поттикнува тимското работење и промовира примена на добри практики во работењето вклучувајќи ги вработените во релевантните процеси за планирање и обезбедување квалитет во работењето. Покажува високопрофесионален и транспарентен однос кон работата и носењето на одлуките но и кон воспоставувањето соодветна комуникација со вработените во насока на идентификување на нивните потреби за професионален развој. Ги следи трендовите и образовните промени и соодветно управува со истите. Идентификува приоритети кои јасно ги поттикнуваат постигнувањата на учениците и подобрувањето на работењето на училиштето од различни аспекти. Ги следи, организира и реализира промените поврзани со концепцијата за деветгодишното образование. Соработува со пошироката заедница со цел воспоставување соодветен линк и поттикнување општествена одговорност на наставниците и учениците особено истакнувајќи ги еколошките компоненти, инклузивноста и меѓуетничката интеграција. Преку изработка и аплицирање на проекти, како и соработка со БРО, МОН и Локалната самоуправа на општината, директорот учествува во подобрување на инфраструктурата на училиштето, зајакнување на едукативната компонента на наставниот кадар како и подобрување на дидактичките цели на наставата преку набавка на соодветни нагледни средства. Го следи наставниот процес преку посета на наставни часови и вонnаставни активности. Директорот соработува со тимот за развојно планирање, го следи професиналниот развој на наставниците. Исто така успешно ја креира училишната политика со поставување приоритети во областа на воспитно<br>образовниот процес во соработка со наставниот кадар и стручните соработници. |
| **2. Цели и креирање на училишната политика**<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Самоевалвација<br>Акциони планови<br>Записници од наставнички совет<br>Записници од совет на | Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на училиштето и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН. Целите се во склад со насоките кои училиштето ги добива од БРО. Со нив се обезбедува квалитетна настава и во нивното креирање учествува наставниот кадар преку тимови. За реализацијата на истите информирани се вработените, родителите и УО.<br>Става акцент на целите на училиштето да се во согласност со целите на државата и локалната образовна политика .<br>Училиштето има своја политика поврзано со дисциплината и поведението на учениците. За таа цел има донесено: Должности за воспитно образовниот кадар, Правила за однесување на учениците, интерни правила за изрекување на педагошки мерки коишто произлегуваат од Правилникот за изрекување на педагошки мерки донесен од МОН и Куќен ред и Правилник за<br>пофалби и награди на учениците. |

| | |
|---|---|
| родители Куќен ред<br>Внатрешни акти и правилници<br>Правилник за изрекување на педагошки мерки<br>Правилник за пофалби и награди<br>Деловник за работа на У.О. и записници<br>WEBстрананаучилиштето | Постојат активности како што се: избор на првенец на генерацијата, пофалби на учениците на одделенски совет и истакнување на web страната на училиштето на пофалените и наградените ученици од разни конкурси и натпревари. Постои кодекс на однесување за учениците и вработените. Во изработка на истите се вклучени учениците и наставниот кадар.<br>Училиштето е отворено за разновидни инцијативи покренати од: воспитно образовниот кадар, учениците, родителите и локалната средина, а се во согласност со законските прописи и сите други видови на планирања во училиштето. По разгледувањето на иницијативите се донесуваат соодветни одлуки, се информираат заинтересираните страни и се пристапува кон реализација на планираното.<br>Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, родителите, учениците, локалната средина, при што се почитуваат насоките дадени од МОН И БРО.<br>Информирањето на заинтересираните субјекти (наставници, ученици и родители) се врши преку состаноци на стручните органи и тела, писмени документи доставени до субјектите, web страната на училиштето, e-mail, огласната табла, но и усно преку индивидуални и групни наставничко - родителски средби. Во креирањето на политиката на училиштето е вклучена и грижата за здравјето на учениците преку разновидни активности зацртани во наведените документи. На учениците им се овозможува да учествуваат на манифестации по повод одбележување на: културно уметнички, историски, еколошки, спортски активности, собирни активности и хуманитарни акции.<br><br>Училишната политика покрива широк опсег на области кои се од есенцијална важност за различните субјекти во училиштето. Од тоа произлегуваат повеќе категории на политики како на пример:<br><br>Политики за безбедност и здравје на учениците<br>- Политика за ненасилство<br>- Политика за грижа за здравјето и исхраната на учениците<br>- Политика за одржување на хигиена<br>- Политика за безбеден пристап до интернет<br>- Политика за безбедно користење на фотографиите на учениците<br>- Политика за однесувањето и дисциплината на учениците<br>- Политика за евакуирање во случај на опасност<br>- Политики поврзани со учењето и наставата<br>- Политика за следење и оценување на учениците<br>- Политика за промовирање на постигањата на учениците<br>- Политика за еднаквиможности<br>- Политика за почитување на различностите<br>- Политика за родоваеднаквост<br><br>Политики поврзани со работата на училиштето<br>- Политика за доверливост<br>- Политика за навремениисплати<br>- Политика за промовирање на постигањата на наставниците<br>- Политика за заштита на податоци<br>- Политика за архивирање на училишната документација |

| | |
|---|---|
| | Политики поврзани со водењето и менаџирањето<br>- Политика за вклучување во Професионални заедници за постојано учење<br>- Политика за изведување на самоевалуација<br>- Политика за активна вклученост во развојно планирање<br>- Политика за развивање на професионална свест и одговорност<br>- Политика на високи очекувања и посветеност на училиштето<br>- Политика за промовирање на настаните и достигнувањата на училиштето<br>- Политика за следење на постигањата на наставниците и давање на повратна информација и инструктивна помош<br><br>Политики поврзани со заедницата<br>- Политика за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот<br>- Политика за грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>- Политика за реализирање на хуманитарни акции<br>- Политика за градење на соработка со заедницата (медиуми, институции, соседи, други училишта<br><br>Политики поврзани со заштита на околината<br>- Политика за рационално користење на енергијата<br>- Политика за образование за граѓанско општество<br>- Политика за Еко – училиште<br>- Политика за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот<br><br>Оваа политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата, овозможува да се синхронизираат училишната политика и секојдневната пракса преку која се рефлектираат културните, јазичните и религиозните различности и им се овозможува на учениците целосна вклученост, постигнување на образовните цели и развивање на вештини и знаења за активна вклученост во граѓанското општество.<br>Преку мултикултурната едукација во училиштето учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р.С. Македонија, безоглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Во контекст на ова, а и заради регулирање на проблематиката за унапредување на правата на детето, како и начелото за недискриминација на децата, донесена е и Политика за вреднување и промовирање на етничките, културните, верските и социјалните разлики на учениците. Училиштето обезбедува еднакви можности и услови за напредок и ги почитува правата на децата без оглед на етничките, културните, верските и социјалните разлики.<br>Во училиштето е донесен Кодекс на однесување, кој ги содржи правата и обврските на учениците, родителите и вработените во училиштето во однос на дисциплината, редовноста, чување на инвентарот, правила на однесување во училиштето. |
| **3. Развојно планирање**<br>Развоен план,<br>Годишна програма за работа на училиштето,<br>Самоевалвација, | Во училиштето постои план за развој. Во него се опишани целите кои се јасни и во склад со мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Училиштето за дел од поставените цели има акциски планови и доследно ги спроведува, а за останатите цели се спроведуваат активности преку кои истите се реализираат. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати преку состаноци на стручните органи и тела,<br>преку родителско – наставнички средби, брошура за родители, WEB страна, e-mail и состаноци од совет на родители. |

| | |
|---|---|
| Акциони планови,<br>Записници од органите и телата,<br>Документација за семинари<br>Прашалник за идентификување на потребите,<br>Записници од стручни активи,<br>Полугодишни и годишни извештаи,<br>Пописни листи,<br>Финансиски план на училиштето,<br>План за јавни набавки,<br>Апликации за сработени проекти.<br>Брошура на училиштето<br>Web страна на училиштето | За годишното планирање во училиштето е одговорен директорот, во соработка со тимови од наставниците и стручните соработници кои покриваат одредена област од работата на училиштето и ја изготвуваат Годишната програма за работа на училиштето. Секој од тимовите покрива одделно подрачје од Годишната програма и новините ги имплементираат во новата годишна програма.<br>Преку дефинирање на приоритетните задачи во годишната програма се врши краткорочно планирање на целите кои што од своја страна произлегуваат од Законот за основно образование, Концепцијата за деветгодишно образование и Развојниот план на училиштето.<br>Планирањето се базира врз податоци од: состаноците на стручните активи, предлозите на наставничкиот совет, одделенските совети, советот на родители на училиштето, училишниот одбор.<br>За поставените цели, реализацијата и резултатите училиштето ги информира наставниците преку редовни состаноци на Наставнички совет, Совет на одделенски наставници. Родителите се информираат преку редовни состаноци на Совет на родители,како и редовни родителски состаноци со одделенскиот раководител, а учениците се информираат на часовите на одделенската заедница. Од одржаните состаноци на органите и телата се водат записници за активностите.<br>Дека планирањето е реално и вклучува инструменти може да се види од спроведеното анкетирање на наставниот кадар на крајот од учебната година при што се издвојуваат приоритени задачи кои стануваат дел од годишната програма. Други инструменти вклучени за развојното планирање се: Календарот за работа, Моделот за следење на наставен час, Прашалниците за тромесечната реализација на планираното во наставата и вон наставата.<br>Училиштето редовно ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниот кадар преку состаноците на стручните органи и тела и анкетирањата. Темите за стручно усовршување на наставниот кадар кои ги избира училиштето се во склад со претходно идентификуваните потреби за стручно усовршување.<br>Понекогаш стручното усовршување се базира врз прифатени проекти и во согласност со реализацијата на концепцијата за деветгодишно образование.<br>Училиштето има воспоставено процедура преку која што се врши дисеминација. Обучените наставници го споделуваат своето стекнато знаење преку стручните активи и преку индивидуалната и тимска соработка со колегите.<br>Училиштето редовно и навремено ги идентификува и планира потребите од материјално-технички средства, преку анкетирање на наставниците, индивидуални разговори, увид во постоечката состојба во училиштето, предлог финансискиот план, планот за јавни набавки и Годишната програма за работа на училиштето.<br>Училиштето редовно изработува проекти со истите аплицира и со добиените средства врши подобрување и осовременување на инфраструктурата во училиштето имајќи ги во предвид зацртаните приоритети. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Блаже Конески“ Прилеп Подрачје: Управување, раководење и креирање политика**

| **Собирање на податоци (ии) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **1. Управување и раководење**<br><br>Интервју со директор,<br>Интервју со претседател на УО,<br>Интервју со претседателот на СР,<br>Анкета за наставници,<br>Анкета за родители,<br>Интервју со секретарот на училиштето. | Тим од наставници и стручни соработници | Од интервјуто со директорот утврдивме дека изборот на членовите на УО е изведено<br><br>регуларно според правилникот за именување и разрешување на УО. Со Училишниот одбор, Советот на родители и Наставничкиот совет има редовна и конструктивна соработка. Од интервјуто со претседателот на УО утврдивме дека УО ја има целокупната документација за работа на истиот, што вклучува Статут, Деловник и Програма за работа. Соработката на членовите на УО е на високо ниво.<br>Според секретарот на училиштето сите законски рамки се спроведени во целокупниот процес за работа на училиштето и систематизацијата на работните места е во склад со законот за основно образование.<br>За потребите за изработка на самоевалуацијата на училишетото беше реализирана анкета составена од релевантни прашања за управувањето, раководењето и креирањето политика во училиштето. Анкетата беше пополнета електронски на апликацијата Microsoft Forms. Истата ја пополнија 29 наставници.<br>Во однос на оценката за отвореноста и подготвеноста на директорот со вработените 97% од испитаните наставници дале одговор дека директорот има одлична и добра отвореност и подготвеност (52%; од испитаниците одговориле одлична, 45% одговориле добра), а само 3% односно 1 наставник одговорил дека отвореноста и подготвеноста е незадоволителна.<br>Во однос на идентификувањето потреби за професионален развој на наставниците и организирање соодветни обуки кои се во функција на идентификуваните потреби 34% од наставниците одговориле дека редовно се идентификуваат потребите и се излегува во пресрет на барањата, 62% одговориле дека тоа се прави понекогаш, а само еден наставник одговорил дека тоа не се прави никогаш.<br>На прашањето дали се идентификуваат потребите за набавка на соодветни нагледни средства од страна на училиштето, 93% оценуваат дека идентификувањето се прави често или повремено (23% одговориле често, а 70% одговориле понекогаш) а само 2 наставника или 7% одговориле дека никогаш не биле консултирани за идентификување на потребите за нагледни средства. 31% од испитаниците одговориле дека секогаш ги добиваат бараните нагледни средства, 62% одговориле дека понекогаш ги добиваат нагледните средства, а 7% одговориле никогаш.<br>Во однос на консултирањето и координирањето со директорот во однос на одредени проблеми со кои се соочуваат наставниците во текот на работењето, 50 % од испитаниците одговориле дека прават чести консултации, 47% одговориле дека ретко се консултираат |

| | | |
|---|---|---|
| | | односно кога тоа е најнеопходно додека пак 3% односно 1 наставник одговорил дека воопшто |

| | | |
|---|---|---|
| | | не се консултира.<br><br>Од членовите на Советот на родители коишто одговориле на прашалникот, 79% се изјасниле дека се целосно запознати со Годишната програма за работа на училиштето, а 21% дека се делумно запознати. Ниту еден не одговорил дека не е запознат со Годишната програма на училиштето. Со Програмата на директорот, од членовите на Советот на родители одговориле дека се запознати 63,16%, делумно запознати се 26,35%, а се изјасниле дека не се запознати 10,5%. Со работа на УО, запознати се 52.6% од членовите на Советот на родители, 31,6% одговориле дека се делумно запознати, а 15,8% дека не се запознати. |
| **2. Цели и креирање на училишната политика**<br>Интервју со Директорот,<br>Интервју со стручните соработници,<br>Интервју со претседателот на Совет на родители. | Тим од наставници и стручни соработници | Од интервјуто со Директорот утврдивме дека целите кои ги остварува училиштето преку образовниот процес се во согласност со Законот за образование и укажувањата од Бирото за развој. При изготвување на истите вклучени се Директорот и стручните соработници во согласност со Бирото за развој и другите релевантни тела преку работилници, состаноци и размена на мислења. Во креирањето на училишната политика покрај директорот активно учество земаат: наставниците, стручните соработници, родителите и стручните органи и тела. Куќниот ред на училиштето е изготвен според правилникот за изрекување на педагошки мерки, законот за основно образование, Статутот на училиштето и врз основа на заедничките споделени стандардни вредности.<br>Од интервјуто на стручните соработници (педагог и психолог) утврдивме дека учествувале во изготвувањето на Годишната програма на училиштето. Дека во училиштето постојат активности за работа со талентираните ученици како што се: откривање при упис во прво одделение со примена на тестови, следење преку одделенски совети, вклучување во додатна настава, следење на постигнати резултати од натпревари и пофалување. За ученици со проблеми во развојот водат евиденција во посебна тетратка за советодавна работа.<br>Советот на родители при изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето беше вклучен преку предлози и сугестии. |
| **3. Развојно планирање**<br>Интервју со Директорот,<br>Интервју со стручните соработници,<br>Интервју со претседателот на Совет на родители, Анкета за наставници.<br>Интервју со секретар | Тим од наставници и стручни соработници | Директорот е во постојана соработка со тимот за развојно планирање. Стручните соработници преку e-mail на транспарентен начин редовно ги известуваат наставниците за активностите во кои е вклучено училиштето, како и за тековните состаноци и наставнички совети.<br>Потребите за професионален развој на наставниците постојано се следат преку анкети и работата на стручните активи, реализацијата на проекти и посетата на семинари. Професионалниот развој на наставниците се следи преку портфолија и преку педагошки картон за секој наставник. Стручните соработници постојано и максимално им излегуваат во пресрет на наставниците во поглед на промените на наставните програми.<br>Од извршеното интервју со Директорот на училиштето беше констатирано дека работните места се систематизирани во согласност со Правилникот за систематизација на работните места.<br>Директорот изјави дека изборот на Училишниот Одбор е регуларен, дека целите на училиштето се во согласносто со целите на државата и локалната образовна политика, дека стручните соработници и наставниците се вклучени во изготвувањето на целите на |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето, дека училиштето ги зема предвид мислењата на родителите во креирањето на политиката, училишната политика се креира со поставување на приоритети во областа на воспитно-образовниотпроцесвосоработкасостручнитесоработнициинаставниоткадар.<br>Директорот соработува со тимот за развојно планирање, ги следи потребите за професионален развој на наставниците, ги идентификува потребите за нагледни средства и планира набавка на истите. Во Годишната програма вклучени се планови и цели за подобрување на инфраструктурата, запознат е со ДУП и со аномалиите што ги има училиштето во инфрастуктурата.<br>Од извршеното интервју со стручните соработници беше констатирано дека учествуваат во изработката на Годишната програма на училиштето, училиштето креира политика за работа со талентираните ученици, води Досие за проблематичните учениците, навремено ги идентификува потребите за професионално усовршување на наставниците, преку професионално досие го следи професионалниот развој на наставниците, соработува со Директотрот при донесување на заклучоци за приоритетите во полето на стручно усовршување на наставниците, соработуваат и се консултираат со наставниците во поглед на промените на наставните програми, преку ПЛПР и индивидуални заклучоци ги идентификува потребите за стручен развој на наставниците.<br>Од извршеното интервју со Претседателот на Училишниот Одбор беше констатирано дека УО има Деловник, Програма и Статут за работа, соработката меѓу членовите на УО е одлична, како и соработката со Директорот.<br>Од извршеното интревју со Претседателот на Совет на родители беше констатирано дека Претседателот на Советот е вклучен во управувањето на училиштето, има соработка со УО и Директорот.<br>Советот на родители е вклучен во изработката на Годишната програма за работа на училиштето и акционите планови и Советот на родители е вклучен во работата на училиштето.<br>Од извршеното интервју со Секретарот на училиштето беше констатирано дека систематизацијата на работните места е во склад со Законот за основното образование и дека се спроведениситезаконскирамкивоцелокупниотпроцесзаработанаучилиштето. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Блаже Конески” Прилеп Подрачје : Управување, раководење и креирање политика**

| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>-Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето, работи согласно изготвена програма за работа и деловник за работа.<br>-Раководниот орган (во соработка со стручните органи и тела) преку изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати, едукација на наставниот кадар и набавка на нагледни средства.<br>-Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на ООУ и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН.<br>-Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, родителите, учениците, локалната средина, при што се почитуваат насоките дадени од МОН И БРО.<br>-Постои интерен правилник за пофалби и награди на учениците.<br>- Родителите и учениците се информираат за наставните планови и програми<br>- Содржините на наставните планови и програми вклучуваат поголема ангажираност од страна на наставниците, учениците и родителите и поголема соработка со локалната средина<br>- Идентификување на надарени и талентирани ученици за проширување на стекнатите знаења, способности и вештини. |
| **слабости**<br>Нема фискултурна сала |

## Самоевалуација на училиштата: ООУ „Блаже Конески" Прилеп Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Постои деловник за работа на УО во кој јасно се дефинирани надлежностите за управување и е изработен согласно статутот на училиштето. УО работи согласно изготвена програма за работа. Раководниот орган има јасна визија за работата на училиштето. Има партнерски однос, соработува и раководи со: наставниот кадар, стручните органи и тела, локалната средина, локалната самоуправа, владини и невладини организации. Преку изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати, едукација на наставниот кадар и набавка на нагледни средства. Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на ООУ и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН. Истите се во склад со насоките кои училиштето ги добива од БРО. Со нив се обезбедува квалитетна настава и во нивното креирање учествува наставниот кадар преку тимови. Училиштето има своја политика поврзана со дисциплината и поведението на учениците. За таа цел има донесено: Должности за воспитно образовниот кадар, Правила за однесување на учениците (Кодекс за учениците), интерни правила за изрекување на педагошки мерки-кои произлегуваат од Правилникот за изрекување на педагошки мерки донесен од МОН, Куќен ред и интерни правила за пофалби и награди на учениците. Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, родителите, учениците, локалната средина, при што се почитуваат насоките дадени од МОН И БРО.

Училиштето редовно и навремено ги идентификува и планира потребите од материјално-технички средства, преку анкетирање на наставниците, индивидуални разговори, увид во постоечката состојба во училиштето, предлог финансискиот план, планот за јавни набавки и Годишната програма за работа на училиштето. Обезбедувањето на материјално-техничките средства претставува потешкотија заради ограничените материјално-финансиски средства. Постоечките нагледни средства се во функција на наставата и од наставниот кадар и оптимално се користат. Училиштето преку горе наведените планови обезбедува средства за нивно континуирано одржување.Училиштето редовно изработува проекти со истите аплицира и со добиените средства врши подобрување и осовременување на инфраструктурата во училиштето имајќи ги во предвид зацртаните приоритети. Согласно одговорите на наставниците од спроведената анкета истите се изјасниле дека: секогаш се идентификуваат нивните потреби за професионален развој и посетуваат семинари за истиот, соработуваат со стручните соработници за потребите кои ги налагаат промените во образовниот систем и дека редовно се прашувани за потребите од
нагледни средства и истите добиваат.

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Опремување на кабинетот по Информатика со наставно образовни помагала и соодветен мебел.
- Изведба на соблекувални за учениците.
- Работилници со родители, претставници од локалната заедница за подобрување на квалитетот на соработката со родители и поголема имплементација во работата на училиштето.
- Работилници на ниво на ученици, родители и наставници за подобрување на интеркултурализмот во училиштето
- Почнување постапка за одобрение за изградба на фискултурна сала